ИЗЛОЖ

# Евокации

***Ванчо Јаков, Аеро Галерија, 16-31.03.2000***

Изборот на делата на Ванчо Јаков, претставени на оваа изложба, е составен од четири различни циклуси: „Меѓу просторот на една просторност" (1987), „Хоризонт" (1993), „Крстови" (1994) и „Нашиот сакан простор" (1995). Во циклусите се евидентни неговите две спротивставени сликарски тенденции: коректна геометриска апстракција и конструктивизам - наспроти „лирското" сликарство со материја или енформелистичка практика.

Од една страна, во циклусот „Крстови", авторот се повикува на дводимензионалноста, чистата геометриска форма и Мондријановата права линија, како и на ослободениот од субјективизам конструктивистички приод. Насловот на циклусот претставува интересна и успешна евокација на нефигуративноста на најдоминантниот религиозен симбол - крстот и неговата претставеност во ликовната уметност. Во случајот, се забележува и инспирираноста од свечената мистичност на византиското сликарство, изразена најмногу преку „сликарските" материјали, кои потсетуваат на сребрените опкови за книги, а самите слики делуваат како современи икони.

Останатите три циклуси, колку и да се различни, сите инсистираат на просторност и можат да се сместат во рамките на еден сликарски јазик. Спротивставеноста на геометрискиот конструктивизам ги одразува нефигурации-



јата и интуитивната гестикулација ослободена од формите, на која, секако, се инсистира во овие дела. Но, не секогаш. Во фрагменти, на платното што е обработено со класичен енформелистички пристап, срамежливо се naѕира медитативна пејзажна тематика (како, на пример, во делата од циклусот „Нашиот сакан простор"). И повторно, тука наидуваме на контрадикторност: лирската апстракција на усогласениот колорит и целината остро и неочекувано се разбиени, или поточно кажано, пресечени токму со овие пејзажни фрагменти, кои се „врамени" во (повторно) чисти геометриски рамки од индрустриско потекло. Најверојатно, идејата на авторот била да создаде контраст меѓу две алтернативи што можат да делуваат контрастно, а сепак да се надополнуваат. Но, тоа е изведено на по малку несигурен начин и во некои дела се чувствува неговата немоќ да се определи меѓу двата горенаведени основни принципи. Тогаш ќе недостасуваат само уште фигуративни претстави, кои ќе внесат само додатна збунетост која секако ќе делува неопределувачки. Можеби во иднина ваквите експерименти ќе доведат до интересен авторски израз?

Маја ЧАНКУЛОВСКА

1295, 29.3.00